ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичка партија Левица за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020 година

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
-неевидентирани приходи и расходи за платено политичко рекламирање, платени од страна на ДИК по основ на договори за асигнација;
-финансирање на изборната кампања со средства од јавни извори, односно од Буџетот на РСМ;
- вкупниот финансиски извештај не е изготвен согласно пропишан образец.

**Издадено мислење/заклучок*:** 🔴 ⚫

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики се воздржуваме од изразување мислење.

**Клучни препораки:**
-намирувањето на паричните обврски со асигнација и други облици, да се врши преку платниот промет и трансакциските сметки;
- финансирање на изборната кампања да се врши исклучиво од извори на средства предвидени со Изборниот законик;
- финансиските извештаи да се изготвуваат согласно законска регулатива.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка и
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Забелешките се однесуваат на трите констатирани состојби, од кои две претставуваат образложение за причините и една известување за преземени активности.

**Одговор на добиени забелешки:**
Две забелешки не се прифатени, додека една која претставува известување за преземени активности е соодветно обелоденета во Конечниот извештајот на овластениот државен ревизор.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk